Република Северна Македонија

**Јавно претпријатие за државни патишта**

Бр. 04-39/8

Скопје, 16.01.2020 година

Врз основа на член 27 од Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта и член 37-м од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија број 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/19) и член 13 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, пријавата за вработување и начинот за спроведување на селекцијата за вработување на давателите на јавни услуги во Јавното претпријатие за државни патишта број 02-12763/7 од 25.11.2019 година, Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта донесе

**Одлука**

за изменување на Одлуката за извршен избор на кандидати по јавен оглас за вработување на неопределено време на даватели на јавни услуги по оглас број 1/2019 објавен во дневните весници „Слободен печат", „Нова Македонија" и „Коха" на ден 07.12.2019 година за работно место инкасант за наплата на патарина

Член 1

Во точка 1 од Одлуката за извршен избор на кандидати по јавен оглас за вработување на неопределено време на даватели на јавни услуги по оглас број 1/2019 објавен во дневните весници „Слободен печат", „Нова Македонија" и „Коха" на ден 07.12.2019 година, за работно место инкасант за наплата на патарина, број 04-39/3 од 09.01.2020 година, кандидатот под реден број "8. Филис Амедова"се брише.

Член 2

Останатите одредби од Одлуката за извршен избор на кандидати по јавен оглас за вработување на неопределено време на даватели на јавни услуги по оглас број 1/2019 објавен во дневните весници „Слободен печат", „Нова Македонија" и „Коха" на ден 07.12.2019 година за работно место инкасант за наплата на патарина, број 04-39/3 од 09.01.2020 година остануваат непроменети и продолжуваат да важат.

Член 3

Одлуката влегува во сила на денот на нејзиното донесување.

**Образложение**

Комисијата за селекција во постапка за вработување на неопределено време на даватели на јавна услуга во Јавното претпријатие за државни патишта формирана со Решение број 04-13301/3 од 06.12.2019 година, во функција на спроведување на


Јавно претпријатие за државни патишта
Република Северна Македонија
ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3118 044, +389 2 3228 454
Факс: +389 2 3220 535
http://www.roads.org.mk/

постапката за вработување на даватели на јавна услуга за извршување на работите од т.1 на оваа одлука, а по објавениот јавен оглас број 1/2019 година објавен во дневните весници „Слободен печат“, „Нова Македонија“ и „Коха“ на ден 07.12.2019 година, спроведе постапка согласно Законот за јавните претпријатија и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, пријавата за вработување и начинот за спроведување на селекцијата за вработување на давателите на јавни услуги во Јавното претпријатие за државни патишта број 02-12763/7 од 25.11.2019 година.

Според пристигнатите пријави на кандидатите за вработување за работно место КДР0305Б04101 Инкасант за наплата на патарина, по спроведената проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во огласот, проверка на приложените докази кон пријавата и интервју, Комисијата за селекција во постапка за вработување изготви конечна ранг листа од пријавените кандидати за работното место инкасант за наплата на патарина и до Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, достави предлог кандидати за вработување по јавен оглас број 1/2019.

Врз основа на наведеното, Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта донесе Одлука за извршен избор на кандидати по јавен оглас за вработување на неопределено време на даватели на јавни услуги по оглас број 1/2019 објавен во дневните весници „Слободен печат”, „Нова Македонија” и „Коха” на ден 07.12.2019 година за работно место инкасант за наплата на патарина, број 04-39/3 од 09.01.2020 година.

По прием на Жалба број 04-597/1 од 16.01.2020 година, изјавена од Ѓурѓица Петкова против Одлука за извршен избор на кандидати по јавен оглас за вработување на неопределено време на даватели на јавни услуги по оглас број 1/2019, заведена со број 04-39/3 од 09.01.2020 година, Комисијата пристапи кон повторно разгледување на документацијата односно пријавите за вработување и проверка на приложените докази во пријавата за вработување со условите утврдени во јавниот оглас за работното место КДР0305Б04101 Инкасант за наплата на патарина во Одделението за наплата на патарина и контрола, во Секторот за одржување, заштита на патишта и наплата на патарина – 20 (дваесет) извршители и утврди дека кандидатот Филис Амедова со Апликација бр.04-13910/1 од 19.12.2019 година, со живеалиште во с.Корешница – Демир Капија, Р.Македонија, националност турчинка кон пријавата има приложено доказ - диплома за положен завршен испит од ССОУ „Коле Неделковски“ – Велес број 08-70/43 од 25.06.2019 година, но истата се здобила со стручно образование со тригодишно траење, со што не го исполнува посебниот услов наведен во огласот за ниво на квалификации односно најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование.

Согласно горенаведеното Комисијата за селекција изготви измена на Конечната ранг листа, како и на Предлогот за вработување, на начин што кандидатот под реден број 8 – Филис Амедова се брише.


Јавно претпријатие за државни патишта
Република Северна Македонија
ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3118 044, +389 2 3228 454
Факс: +389 2 3220 535
http://www.roads.org.mk/

Со оглед дека од пријавените кандидати нема друг кандидат со националност турчин/ка, не се избира друг кандидат за вработување за работно место инкасант за наплата на патарина.

Врз основа на наведеното, Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Упатство за правно средство:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба преку Јавното претпријатие за државни патишта до Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта во рок од 8 дена од денот на нејзиното објавување на интернет страната и на огласната табла на Јавното претпријатие.

Директор
Зоран Китанов

Доставено до:
-Одделение за човечки ресурси и општи работи
-Огласна табла
-Архива

Изработил:Биљана Цветковиќ
Контролирал:Даниела Тасевски
Одобрил: Сузана Атанасова
Марко Брезоски